# СОДРЖИНА НА ЗАКОНОТ ЗА ИНВЕСТИЦИОНИ ФОНДОВИ
**(Сл.весник бр. 7/2000, 29/2007)**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредуваат условите за основање инвестициони фондови и друштва за управување со инвестиционите фондови и начинот на нивното работење, за изборот на депозитна банка и за контрола над нивното работење.

### Член 2

(1) Зборовите: "инвестиционен фонд", "отворен фонд", "затворен фонд", "приватен фонд", "друштво за управување со фондови", "друштво за управување со приватни фондови" или други називи што можат да создадат привид дека се работи за некоја од овие форми во називот на фирмата или неговиот додаток смеат да го употребуваат само друштвата за управување со инвестициони фондови, друштва за управување со приватни фондови и инвестициони фондови и приватни фондови основани во согласност со овој закон, и тоа само за означување на предметот на работење и за рекламни цели.

(2) Секое физичко и правно лице кое прибира парични средства од инвеститори преку јавен повик за нивно колективно инвестирање во хартии од вредност, односно во акции, обврзници, благајнички записи, комерцијални записи, државни записи, сертификати за депозит и исправи за вложување во заеднички потфат и кои прибираат парични средства преку приватна понуда, чија цел е стекнување добивка независно дали фирмата ги содржи зборовите од став 1 на овој член или други зборови со исто или слично значење, ќе се третира како инвестиционен фонд согласно со овој закон.

### Член 3

(1) Инвестициони фондови и друштва за управување со инвестиционите фондови се основаат со одобрение на Комисијата за хартии од вредност.

(2) По исклучок на став 1 од овој член, приватен фонд и друштво за управување со приватни фондови се основаат без одобрение на Комисијата за хартии од вредност.

## II. ИНВЕСТИЦИОНЕН ФОНД

*Поим и управување со инвестиционен фонд*

**Член 4**

(1) Инвестиционен фонд може да се основа како отворен фонд, затворен фонд и приватен фонд.

(2) Инвестиционен фонд се основа за здружување на парични средства наменети за инвестирање од домашни и/или странски физички и правни лица и/или Република Македонија преку јавен повик или приватна понуда, со кои за сметка на инвеститорите управува друштво за управување со инвестициони фондови односно друштво за управување со приватни фондови.

(3) Отворениот и затворениот фонд ги основа и со нив управува друштво за управување со инвестициони фондови а приватниот фонд го основа и со него управува друштво за управување со приватни фондови.

*Основање на инвестициониот фонд*

**Член 5**

(1) Отворен фонд се основа со прибирање парични средства преку јавен повик за продавање на документи за удел.

(2) Затворен фонд се основа со прибирање парични средства преку јавен повик за продавање на акции.

(3) Приватен фонд се основа со прибирање парични средства преку приватна понуда за продавање на документи за удел.

(4) Со јавниот повик јавно се повикува на купување документи за удел во отворен фонд, односно за запишување на акции во затворен фонд .

(5) Преку приватна понуда се прибираат парични средства од инвеститори кои се вложуваат во согласност со проспектот на приватниот фонд.

(6) Содржината на јавниот повик ја утврдува Комисијата за хартии од вредност (во натамошниот текст: Комисијата).

(7) Средствата од ставови 1 и 2 на овој член се вложуваат во хартии од вредност и во парични депозити, со уважување на принципите на профитабилност, ликвидност и поделба на ризикот.

*Статут на фондот*

**Член 6**

(1) Со статутот на фондот се уредува работењето на инвестициониот фонд, правната положба на сопствениците на документите за удел во отворениот фонд, односно на акционерите во затворениот фонд, правните односи на инвестициониот

фонд со друштвото за управување со фондови и со депозитната банка, како и други прашања од интерес за остварување на целите на фондот.

(2) Комисијата го одобрува статутот на инвестициониот фонд и неговите измени и дополнувања. Комисијата ја донесува одлуката за одобрување на статутот во рок од 60 дена од денот на приемот на комплетното барање за одобрување на статутот, а на неговите измени и дополнувања во рок од 30 дена. Ако Комисијата во тој рок не донесе одлука во врска со барањето за одобрување на статутот, односно на неговите измени и дополнувања, се смета дека тие се одобрени.

(3) Одлуката на Комисијата за одобрување на статутот и на неговите измени и дополнувања се објавува во  Службен весник на Република Македонија  .

(4) Статутот на фондот содржи одредби за:

1. Називот на фондот, фирмата на друштвото за управување со фондот и фирмата на депозитната банка,

2. Целите на фондот,

3. Намената и принципите на вложување на средствата

4. Видот и главните елементи на документите за удел односно на акциите,

5. Постапката и условите за издавање и продавање на документите за удели или акции,

6. Правилата за пресметување и за користење на приходите на фондот,

7. Местото каде што може да се добијат финансиските извештаи,

8. Правила за утврдување на нето вредноста на имотот на фондот,

9. Начинот на определување на цените на издавање и продавање на документите за удел односно на акциите,

10. Начинот на пресметување на износот на надоместоците и трошоците на друштвото за управување со фондовите, депозитната банка или трети лица на товар на имотот на фондот,

11. Правната положба на сопствениците на документите за удел односно на акционерите

12. Начинот и местото на исплата на учеството во добивката на сопствениците на документите за удели, односно дивидендата на акционерите,

13. Висината на основната главнина и правата и обврските на друштвото за управување со фондот,

14. Права и обврски на депозитната банка,

15. Начинот и постапката на информирање на сопствениците на документите за удел, односно на акционерите,

16. Делот од уплатите на сопствениците на удели, односно на акции што ќе се користи за покривање на трошоците за издавање документи за удел и за издавање на акции и начинот на пресметување на тие трошоци,

17. Известувањето за развојот на фондот и неговата структура, како и местото и начинот на објавување на тие информации,

18. Начинот на распоредување на добивката на фондот,

19. Можноста за склучување опциски и термински работи и примена на слични инструменти и техники и нивното користење заради намалување на ризикот,

20. Време за кое се основа фондот.

(5) Комисијата може со правила да ја определи поблиската содржина на точките од став 4 на овој член.

*Проспект на фондот*

**Член 7**

(1) Проспектот на фондот (во натамошниот текст: проспектот) содржи податоци кои се содржани во член 6, детални информации и податоци за целите и политиката на фондот, како и други информации што се однесуваат на фондот, а што можат да влијаат на одлуката на вложувачот за вложување или невложување во фондот. Содржината на проспектот подетално ја утврдува Комисијата со правила.

(2) Проспектот и неговите измени и дополнувања ги одобрува Комисијата. Комисијата во рок од 60 дена го одобрува проспектот, а неговите изменувања и дополнувања во рок од 15 дена, од денот на поднесувањето на барањето за одобрение. Ако Комисијата во тој рок не се изјасни по проспектот, односно по неговите измени и дополнувања се смета дека истите се одобрени.

(3) Одлуката на Комисијата за одобрување на проспектот и на неговите измени и дополнувања се објавува во вСлужбен весник на Република Македонијаг.

(4) Друштвото за управување со фондови е должно секоја промена што може да влијае на одлуките на инвеститорите да ја внесе во содржината на проспектот по добиеното одобрение од Комисијата.

(5) Во проспектот се забранува да се внесуваат лажни и неточни податоци кои може да го доведат инвеститорот во заблуда.

*Финансиски извештаи на фондот*

**Член 8**

(1) Друштвото за управување со фондови изготвува и доставува ревидирани годишни финансиски извештаи за секој фонд со кој управува.

(2) Друштвото за управување со фондови доставува до Комисијата и до вложувачите на фондот ревидирани годишни финансиски извештаи за секој фонд со кој управува во рок од три месеци од усвојување на завршната сметка на фондот.

(3) Еден ревизор или ревизорско друштво може да изготви четири едноподруго финансиски извештаи за еден инвестиционен фонд. Еден ревизор или ревизорско друштво во текот на една календарска година може да изготви финансисики извештај само кај три фонда.

(4) Друштвото за управување со фондови подготвува и квартални финансиски извештаи за секој фонд со кој управува и истите и ги доставува на Комисијата и до вложувачите на фондот во рок од два месеци од изминување на кварталот.

(5) Комисијата составува листа на овластени ревизори кои можат да вршат ревизија на финансиските извештаи на инвестициониот фонд и на друштвото за управување со фондови.

*Содржина на финансиските извештаи на фондот*

**Член 9**

(1) финансиските извештаи содржат податоци за:

1. Состојбата на имотот на фондот:
   - хартиите од вредност,
   - паричните депозити,
   - другиот имот,
   - вкупниот имот,
   - обврските и
   - нето-вредноста на имотот.

2. Бројот на документите за удел, односно на акциите;

3. Вредноста на поединечниот удел односно акција,

4. Структурата на портфолиото на хартиите од вредност:

   - хартиите од вредност кои котираат на берзата за хартии од вредност,
   - хартиите од вредност со кои се тргува на некој друг регулиран пазар,
   - новите емисии на хартии од вредност, ако условите за нивно издавање содржат обврска за поднесување барање за вклучување на хартиите од вредност на некоја берза, пазар на пари или на некој друг регулиран пазар;

5.За секој вид хартија од вредност се наведува нејзиното учество во вкупниот имот на фондот и податоци за промената во составот на портфолиото на хартии од вредност за периодот на кој се однесува извештајот,

6. Промените во приходите и расходите на фондот за периодот за кој се однесува извештајот:

- приходите од вложувања,
- други приходи,
- трошоците за управување,
- трошоците за депозитната банка,
- други трошоци и давачки,
- нето-приход,
- исплати на добивка на сопствениците на документите за удел или дивиденда на акционерите, како и повторно вложената добивка и
- други промени кои се однесуваат на имотот и обврските на фондот.

7. Компаративен преглед на работењето во последните три години, при што за крајот од секоја деловна година се наведува:

- вкупната нето-вредност на портфолиото**,**
- нето-вредноста на поединечниот удел**,**
- пазарната вредност на акциите на затворениот фонд**.**

8. Други податоци и информации кои им овозможуваат на вложувачите целосно запознавање со вистинската состојба, развојот на дејноста и резултатите на фондот.

(2) Комисијата со посебни правила може да предвиди дополнителни информации кои се составен дел од годишните финансиски извештаи. Годишните финансиски извештаи се изготвуваат во согласност со меѓународните сметководствени стандарди.

*Обврска за известување*

**Член 10**

Друштвото за управување со фондови поднесува извештај до Комисијата за секоја промена што значајно би влијаела врз одлуката за инвестирање на инвеститорот, во рок од три дена од настанувањето на промената. Извештајот треба да се достави до вложувачите на фондот во исто време кога се доставува и до Комисијата.

*Врачување на проспект и финансиски извештаи*

**Член 11**

На вложувачот кој има намера да купи документи за удел или да запише и купи акции бесплатно му се дава проспектот, најмалку седум дена пред намерата за запишување или купување, како и годишниот финансиски извештај заверен од овластен ревизор, кварталните извештаи на фондот што се објавени по објавување на проспектот и сите извештаи за настанатите промени по изготвувањето на проспектот, согласно со член 10 на овој закон. Доколку промените наведени во членот 10 на овој закон настанат по доставување на проспектот, вложувачите добиваат и извештај што се однесува на настанатата промена.

*Имот на фондот*

**Член 12**

(1) Имотот на фондот се состои од хартии од вредност, парични депозити и други средства.

(2) Со хартиите од вредност се тргува во согласност со Законот за хартии од вредност.

(3) Имотот на фондот се стекнува во согласност со одредбите на овој закон и статутот на фондот.

*Хартии од вредност во кои вложува фондот*

**Член 13**

Хартиите од вредност во кои вложува фондот се состојат од:

1. Хартии од вредност кои котираат или со нив се тргува на берза или се продаваат на пазар на пари или на друг регулиран пазар и
2. Хартиите од вредност од новите емисии, ако условите за нивно издавање содржат обврска за поднесување барање за вклучување на хартиите од вредност на некоја берза, пазар на пари или на некој друг регулиран пазар.

*Ограничувања на вложувањата*

**Член 14**

(1) Во хартии од вредност на еден издавач, фондот не смее да вложува повеќе од 20% од вредноста на неговиот имот. По исключок, фондот може, без ограничување да инвестира во должнички хартии од вредност на Република Македонија.

(2) Фондот може да стекнува најмногу до 20% од вкупниот број издадени акции на еден издавач.

(3) Фондот може да стекнува најмногу до 15% од вкупната номинална вредност на должничките хартии од вредност издадени од еден издавач.

(4) Фондот не може да инвестира повеќе од 15% од вкупниот број на акции

издадени од еден издавач и повеќе од 10% од вкупната номинална вредност на должничките хартии од вредност издадени од еден издавач.

(5) Депозитите во банки и други парични средства на фондот можат да изнесуваат најмногу до 25% од вредноста на имотот на фондот.

(6) Фондот не смее да инвестира во хартии од вредност издадени од избраната депозитна банка или филијали на странска депозитната банка, како и во депозитни средства од тие институции.

(7) Фондот не смее да инвестира во хартии од вредност издадени од други фондови.

(8) Фондот може да го надмине максимумот предвиден со став 4 на овој член при одредени пазарни нарушувања со одобрение на Комисијата, но обврзан е да го воспостави истиот откако повторно ќе се воспостават нормални пазарни услови.

(9) Фондот може да го надмине максимумот предвиден со став 5 на овој член за период од четири месеци од неговото формирање.

(10) Комисијата со посебни правила ќе ги уреди условите и постапката за начинот на усогласување на ограничувањата на вложувањата во случаите на спојување и припојување на два или повеќе фондови, или спојување и припојување на два или повеќе издавачи во кои фондот има инвестирано средства.

*Задолжување на фондот*

**Член 15**

Инвестиционен фонд, заради задоволување на своите ликвидни потреби може краткорочно да се задолжува до 5% од вредноста на неговиот имот, а за задолжувања повисоки од 5% одобрение издава Комисијата.

*Пресметување на вредноста на имотот на фондот*

**Член 16**

Вредноста на имотот на фондот ја пресметува депозитната банка врз основа на вредноста на неговите хартии од вредност и депозитите во финансиските институции, како и вредноста на другата актива, по одбивање на обврските, согласно со методологијата за проценка пропишана од страна на Комисијата.

*Задолжителни објавувања*

**Член 17**

(1) Друштвото за управување со фондови е должно за секој фонд со кој управува во еден дневен весник да ги објави:

1. Јавниот повик;

2. Годишните финансиски извештаи на фондот, во рок од еден ден од нивното доставување до Комисијата;

3. Дневната нето вредност на имотот на фондот и на поединечниот удел во фондот и

4. Без одлагање прекинот на откупот на документите за удел и на нивната исплата.

(2) Дневната продажна и откупна цена и тоа последната и просечната продажна цена на документите за удел во случај на отворен фонд или на акциите во случај на затворен фонд, се објавува на берза за хартии од вредност.

(3) Друштвото за управување со фондови е должно редовно, а најмалку два пати месечно, во еден дневен весник да ги објави цените на издавањата и откупот на документите за удели во фондот со кој управува.

(4) Прекинот на откупот на документите за удели и на нивната исплата, друштвото за управување со фондови е должно без одлагање да го објави и во "Службен весник на Република Македонија".

## III. ОТВОРЕН ФОНД

*Поим*

**Член 18**

(1) Отворен фонд претставува посебен имот, без својство на правно лице, чии сопственици на документи за удел имаат право на сразмерен дел во добивката во фондот и право да бараат откуп на документите за удел.

(2) Отворениот фонд се регистрира во регистарот на Комисијата и стекнува деловна способност од денот на уписот во регистарот на Комисијата.

*Основање на отворен фонд*

**Член 19**

(1) За основање отворен фонд друштвото за управување со фондови донесува статут, изготвува јавен повик и проспект на фондот и склучува договор со депозитна банка во согласност со одредбите на овој закон.

(2) Друштвото за управување со фондови, до Комисијата, поднесува барање за добивање одобрение за основање на отворен фонд кое содржи:

1. Назив и седиштето на друштвото за управување со фондови,
2. Име на отворениот фонд и
3. Број и датум на издаденото одобрение од Комисијата за основање на

друштвото за управување со фондови.

(3) Кон барањето од став 2 на овој член се приложува:

1. Статут, јавен повик и проспект на фондот;
2. Договор на друштвото со депозитната банка;
3. Документи за исполнување на условите за работење на друштвото за управување со фондови согласно со одредбите на овој закон;

4. Доказ за уплатен надоместок за добивање одобрение за основање на фондот.

(4) Друштвото за управување со фондови може да започне со прибирањето на парични средства преку јавна продажба на документи за удел по добивањето на одобрението за основање на фондот.

(5) Одобрението за основање на отворен фонд Комисијата го објавува во Службен весник на Република Македонија

*Статут на отворениот фонд*

**Член 20**

Покрај одредбите од член 6 на овој закон, статутот на отворениот фонд ги содржи:

1. висината на дозволените трошоци кои се одбиваат при купувањето на документите за удел и при нивниот откуп и
2. Условите и местото на исплата на документите за удел при нивниот откуп.

*Проспект на отворениот фонд*

**Член 21**

Покрај податоците од член 7 на овој закон, проспектот на отворениот фонд содржи податоци за:

1. Постапката и условите за откуп и исплата на документите за удел и условите под кои може да се запре нивниот откуп и исплата;

2. Утврдувањето на цената на документите за удел при нивниот откуп;

3. Трошоците на откуп и исплатата на документите за удел;

4. Начинот, местото и динамиката на објавување на цените и трошоците и

5. Постапката и местото на исплата на документите за удел при нивниот откуп.

*Права и обврски на сопствениците на документи за удел*

**Член 22**

(1) Со купувањето на документите за удел сопственикот на документот за удел станува сопственик на сразмерен дел на имотот на фондот.

(2) Со документот за удел се гарантираат правата на сопственикот на документот за удел спрема фондот. На сопственикот, документот за удел му ги обезбедува следните права:

1. Сразмерно учество во нето добивката на фондот;

2. Откуп на документот за удел од страна на друштвото, на барање на сопственикот и

3. Право на сразмерно учество во остатокот на ликвидационата маса на фондот.

(3) Документот за удел е непренослив, освен во случаите утврдени со закон.

(4) Документите за удел може да се издаваат за еден или повеќе удели во ист фонд и мора да го опфаќаат целокупниот имот на фондот. Со документите за удел во фондот не смее да се даваат различни права на одделни сопственици.

(5) Одговорноста на сопствениците на документите за удел во фондот е ограничена до вредноста на уделите кои тие ги поседуваат. Друштвото за управување со фондови не смее да презема обврски во име на сопствениците на документи за удел во фондот.

*Содржина на документот за удел во фондот*

**Член 23**

Документот за удел во фондот содржи:

1. Ознака дека е удел во отворен фонд;

2. Назив на фондот, фирма и седиште на друштвото за управување со фондови;

3. Сериски број на документот за удел;

4. Број на удели на кои гласи документот за удел;

5. Име на сопственикот на документот за удел и ознака дека документот е непренослив;

6. Обврски на друштвото за управување со фондови;

7. Права на сопственикот на документот за удел;

8. Место и датум на издавање на документот за удел и

9. Потписи на овластените лица на друштвото за управување со фондовите и на депозитната банка.

*Издавање на документи за удел*

**Член 24**

(1) Друштвото за управување со фондови издава документи за удел по добивањето на одобрение од Комисијата за основање на фондот.

(2) Продажната цена на документите за удел го содржи и износот за покривање на трошоците за издавање на документот за удел утврдени со статутот.

(3) Документите за удел може да се продаваат само за парични средства.

(4) Документите за удел се врачуваат по уплатата на полната продажна цена. Паричните средства, по одбивањето на трошоците од став 2 на овој член, без одлагање се внесуваат во имотот на фондот. Ако документите за удел се издадени, а вредноста не е внесена во имотот на фондот, друштвото за управување со фондови е должно да го надомести износот што недостасува.

(5) Друштвото за управување со фондови е должно да води евиденција на издадените документи за удели.

*Откуп на документот за удел во фондот*

**Член 25**

(1) Секој сопственик на документ за удел има право да бара откуп на документот и на тој начин да истапи од фондот. Цената што одговара на вредноста на уделот мора да се исплати без одбитоци, ако такви не се изрично предвидени со статутот на фондот.

(2) Документите за удел во отворениот фонд се откупуваат според цената што одговара на вредноста на уделот утврдена првиот нареден ден на проценка по поднесувањето на барањето за откуп на документот за удел.

(3) Друштвото за управување со фондови може привремено да го прекине откупот на документите за удел, заради заштита на интересите на сопствениците на документите за удел во фондот. Додека трае прекинот на откуп на документи за удел, друштвото за управување со фондови не смее да издава нови документи за удел. Прекин на откуп на документите за удел, друштвото за управување со фондови може да изврши по добивање на согласност од Комисијата и за истиот писмено да ги извести сопствениците на документи.

(4) Комисијата може да му наложи на друштвото за управување со фондови да го прекине откупот на документите за удел и привремено да го забрани издавањето нови документи за удел, ако тоа е во интерес на заштита на интересите на сопствениците на документи за удели во фондот.

(5) Сопствениците на документите за удел не можат да го користат правото на

откуп на документ за удел во рок од една година од денот на објавувањето на првиот јавен повик за купување на документи за удел во фондот, освен во оправдани случаи утврдени со статутот на фондот.

(6) Друштвото за управување со фонодви е должно да го исплати документот за удел во фондот, најдоцна седум дена по примањето на барањето за откуп на документот.

*Распределба на добивката на фондот*

**Член 26**

(1) Добивката на фондот, по налог на друштвото за управување со фондови, депозитната банка им ја исплатува на сопствениците на документите за удел сразмерно на нивното учество во имотот на фондот. Добивка се исплатува на начин утврден со статутот на фондот.

(2) Врз основа на писмено барање на сопствениците на документи за удел добивката, односно дел на добивката може автоматски да се реинвестира.

*Престанување на управување и распуштање на фондот*

**Член 27**

(1) Друштвото за управување со фондови може да го откаже управувањето со фондот со отказен рок од шест месеци. Рокот почнува да тече од денот кога отказот е објавен во "Службен весник на Република Македонија". Друштвото за управување со фондови е должно за отказот писмено да ги извести сите сопственици на документи за удел во фондот.

(2) Правото на друштвото за управување со фондот, покрај во случаи утврдени со закон, престанува и кога Комисијата ќе го укине одобрението за работење на друштвото за управување со фондови.

(3) Ако друштвото за управување со фондови престане да работи, депозитната банка во име на сопствениците на документите за удел го раскинува договорниот однос со друштвото.

(4) Со одобрение на Комисијата, депозитната банка има право на раскинување и во други случаи, ако друштвото за управување со фондови не е во состојба да ги исполнува своите обврски, а особено:

1. Ако во рок од три месеци по објавувањето на првиот јавен повик за купување на документи за удел во отворениот фонд не се собрани и уплатени парични средства во вкупен износ од најмалку 500.000 евра во денарска противвредност и

2. Ако вредноста на имотот на отворениот фонд во временски периоди со вкупно траење од шест месеци била под 500.000 евра во денарска противвредност.

(5) Ако друштвото за управување со фонодви со отказот или со укинувањето на одобрението го изгуби правото за управување со фондот, правото на располагање со имотот на фондот преминува на депозитната банка до пренос на фондот во друго друштво за управување во рок од шест месеци.

(6) Во случаите од ставовите од 1 до 4 на овој член, депозитната банка е должна во рок од шест месеци од денот на раскинување на договорот да го распушти фондот и имотот да им го подели на сопствениците на документите за удел. Во истиот рок, со одобрение на Комисијата, депозитната банка може да се откаже од распуштањето на фондот и во согласност со статутот на фондот правото на управување со него да го пренесе на друго друштво за управување со фондови.

(7) Сопствениците на документите за удел немаат право да бараат распуштање на фондот.

*Објавување на одлуката за распуштање на фондот и правни последици*

**Член 28**

(1) Депозитната банка е должна без одлагање да ја објави одлуката за распуштање на фондот во "Службен весник на Република Македонија" и во еден дневен весник и за тоа писмено да ги извести сите сопственици на документите за удел.

(2) Од денот на објавувањето на одлуката за распуштање на фондот сопствениците на документи за удел во фондот немаат право да бараат исплата на уделот со откуп на документите за удел.

(3) Од денот на донесувањето на одлуката за распуштање на фондот се забранува издавање на нови документи за удел во фондот.

*Претворање на имотот во пари и негова распределба*

**Член 29**

По донесувањето на одлуката за распуштање на отворениот фонд, депозитната банка го претвора целокупниот имот на фондот во пари. Од паричните средства депозитната банка му ги исплатува на друштвото за управување со фондови трошоците за управување со фондот, ги надоместува сопствените трошоци во врска со распуштањето на фондот, кои збирно не може да надминат повеќе од 2% од наплатениот износ, а остатокот им го исплатува на сопствениците на документите за удел во фондот, сразмерно на уделот во имотот на фондот на кој тие гласат. Начинот на кој се врши распределбата на паричните средства го контролира и го одобрува Комисијата.

## IV. ЗАТВОРЕН ФОНД

*Поим*

**Член 30**

(1) Затворен фонд е акционерско друштво кое се основа за прибирање парични средства преку јавен повик за продавање на сопствени акции и вложување на тие средства во хартии од вредност.

(2) На затворениот фонд се применуваат одредбите на Законот за трговските друштва ако со овој закон не е поинаку уредено.

*Основање на затворен фонд*

**Член 31**

(1) Затворен фонд основа и со него управува друштвото за управување со фондови.

(2) За основање на затворен фонд друштвото за управување со фондови донесува статут, изготвува јавен повик и проспект на фондот и склучува договор со депозитната банка во согласнот со одредбите на овој закон.

(3) Друштвото за управување со фондови, до Комисијата, поднесува барање за добивање одобрение за основање на фонд, кое содржи:

1. Фирма и седиште на друштвото за управување со фондовите;
2. Фирма и седиште на затворениот фонд;
3. Број и датум на издаденото одобрение од Комисијата за основање на друштвото за управување со фондови;
4. Лично име, место на живеење, државјанство и единствен матичен број на физичките лица кои се први членови на надзорниот одбор на затворениот фонд и
5. Опис на квалификации на лицата кои се членови на надзорниот одбор и на сите директори во затворениот фонд.

(4) Кон барањето од став 3 на овој член се приложуваат:

1. Статут на фондот;
2. Јавен повик и проспект на фондот;
3. Одлука за именување на членовите на првиот надзорен одбор и писмените изјави на членовите на првиот надзорен одбор за прифаќање на именувањето;
4. Договорот со депозитната банка;

5. Извод од трговскиот регистар на друштвото за управување со фондови;

6. Спесимен на акциите или потврдите за акции, согласно со Законот за издавање и тргување со хартии од вредност и обрасците за запишување;

7. Доказ за уплатен надоместок за добивање одобрение за основање на фондот и

8. Други документи, доколку на Комисијата и се потребни за одлучување.

(5) Одобрението за основање на затворен фонд, Комисијата го објавува во Службен весник на Република Македонија

**Член 32**

Комисијата за хартии од вредност дава одобрение за основање на затворен фонд, врз основа на елементите пропишани во член 31 ставовите 3 и 4, во зависност од понудата и побарувачката на финансиски средства, како и потребата за основање на затворениот фонд.

*Статут на затворениот фонд*

**Член 33**

Покрај одредбите од член 6 на овој закон, статутот на затворениот фонд содржи и одредби :

1. Во називот на фондот да е содржана ознаката взатворен фондг ,

2. За пренесување на правото на управување со затворениот фонд и правото на глас од акциите и другите права кои произлегуваат од имотот на затворениот фонд на друштвото за управување со фондови и

3. За начинот на работа на надзорниот одбор на фондот.

*Основна главнина на затворениот фонд*

**Член 34**

(1) Најнискиот номинален износ на основната главнина на затворениот фонд изнесува 500.000 евра во денарска противвредност.

(2) Затворениот фонд е должен да ја одржува основната главнина од став 1 на овој член.

(3) Затворениот фонд може да ја зголеми основната главнина преку нова емисија на акции, врз основа на одобрение на Комисијата.

*Акции на затворениот фонд*

**Член 35**

(1) Акциите на затворениот фонд се обични акции неограничено преносливи.

(2) Акциите на затворениот фонд се плаќаат со парични средства и мораат да бидат уплатени во целост пред уписот на затворениот фонд во трговскиот регистар.

(3) Затворениот фонд не смее да стекнува сопствени акции.

(4) Акциите издадени спротивно на став 1 на овој член се ништовни. Секоја правна работа со која затворениот фонд стекнал сопствени акции е без правно дејство.

(5) Цената на акциите по основањето на затворениот фонд зависи од односот меѓу понудата и побарувачката за нив и се утврдува на берза или на друг регулиран пазар.

*Запишување на акции на затворениот фонд*

**Член 36**

(1) Запишувањето на акции врз основа на јавен повик не смее да започне пред Комисијата да издаде одобрение за основање на затворениот фонд.

(2) Запишувањето и уплатата на акции се врши кај депозитна банка.

(3) При запишувањето на акциите, запишувачот дава изјава:

1. Дека е запознаен и согласен со статутот и со проспектот на затворениот фонд и
2. Дека ја овластува депозитната банка во негово име и за негова сметка да ги чува неговите акции и да ги врши правата што поризлегуваат од нив.

(4) Доколку затворениот фонд при основањето претрпи штета од страна на запишувач кој нема да ги плати запишаните акции, за таквата штета одговара друштвото за управување со фондови.

(5) Акциите на затворениот фонд се евидентираат во книга на акции, согласно со Законот за хартии од вредност, односно во депозитар на хартии од вредност.

*Трошоци за основање на затворениот фонд*

**Член 37**

(1) Со статутот на затворениот фонд може да се утврди дека друштвото за управување со фондови има право на надоместување на трошоците за основањето на фондот од имотот на затворениот фонд, но најмногу до износ од 2% од вредноста на основната главнина.

(2) Во случаите од став 1 на овој член со статутот на фондот може да се утврди дека трошоците за основањето на фондот ќе му бидат надоместени на друштвото со вклучување на трошоците во продажната цена на акциите на фондот.

*Управување со затворениот фонд*

**Член 38**

(1) Со затворениот фонд, во негово име и за негова сметка управува друштвото за управување со фондови, согласно со одредбите на овој закон и статутот на затворениот фонд.

(2) Затворениот фонд има Надзорен одбор и Собрание.

(3) Надзорниот одбор брои најмалку три члена. Членовите на надзорниот одбор ги избира собранието на друштвото за управување со фондови како истакнати стручњаци. Член на надзорен одбор не може да биде член на управен или надзорен одбор на друштвото за управување со фондови, или на депозитната банка, или вработени во нив, ниту лице кое е вработено или е во органите на управување во друго друштво за управување со фондови или во друг фонд, како и лица кои се членови на повеќе од два надзорни одбора.

*Известувања*

**Член 39**

(1) Друштвото за управување со фондови задолжително најмалку еднаш месечно го известува надзорниот одбор на затворениот фонд за купените и продадените хартии од вредност во име и за сметка на фондот, како и за приходите на фондот.

(2) По барање од надзорниот одбор на затворениот фонд, друштвото за управување со фондови е должно да дава известувања и за состојбата на пазарот на хартии од вредност и за други околности кои се битни за оценка на политиката на вложувања.

*Распределба на добивката*

**Член 40**

(1) Друштвото за управување со фондови му предлага на собранието на затворениот фонд, распределба на дивидендата на фондот и во согласност со одлуката на собранието дава налог до депозитната банка за исплата на дивидендата на акционерите на затворениот фонд.

(2) Дивидендата се исплатува во согласност со статутот на фондот и одлуката на собранието на затворениот фонд.

*Отказ и ликвидација*

**Член 41**

(1) Друштвото за управување со фондови може да го откаже управувањето со фондот, со отказен рок од шест месеци. Во истиот отказен рок управувањето со фондот може да го откаже и собранието на затворениот фонд. Отказите имаат правно дејство од денот кога по предлог на надзорниот одбор на затворениот фонд,

Комисијата ќе издаде одобрение на друго друштво за управување со фондови да управува со затворениот фонд.

(2) Правото на друштвото за управување со фондот престанува и со денот на ликвидација на друштвото за управување со фондови и со денот на конечноста на решението на Комисијата со кое се укинува одобрението за работење на друштвото за управување со фондови.

(3) Во случаите од став 2 на овој член, правата на управување и располагање со имотот на затворениот фонд преминуваат на депозитната банка до пренос на фондот во друго друштво за управување во рок од шест месеци.

(4) Друштвото за управување со фондови мора во рок од 7 дена од приемот на одлуката со која Комисијата му го укинала одобрението за управување со затворениот фонд, односно од денот на ликвидацијата на друштвото за управување со фондови, сите работи во врска со управувањето со имотот на фондот да ги пренесе на депозитната банка.

(5) Собранието на затворениот фонд може да одлучи да го пренесе правото на управување со фондот на друго друштво за управување со фондови, со отказен рок од шест месеци.

1. Ако друштвото за управување со фондови од став 5 на овој член не поднесе барање за издавање одобрение за управување, депозитната банка поднесува до надлежниот суд предлог за отворање постапка за ликвидација на затворениот фонд.

## IV-а Приватен фонд

Поим за приватен фонд
Член 41-а

(1) Приватен фонд преставува посебен имот, без својство на правно лице, формиран со цел прибирање на парични средства преку приватна понуда за продавање на документи за удел во фондот, чии средства се вложуваат во согласност со целите на вложување утврдени со проспектот на фондот. Сопствениците на документите за удел имаат право, покрај правото на удел во добивката на фондот, да бараат и исплата на уделот и на тој начин да истапат од фондот, на начин и под услови утврдени со проспектот на фондот.

(2)Приватниот фонд се регистрира во регистарот на Комисијата.

Основање и работење на приватен фонд

Член 41-б

(1) Приватен фонд се основа само на одредено време кое не може да биде пократко од осум години.

2) Големината на фондот изнесува најмалку 500.000 евра во денарска противвредност. Под големина на фондот се подразбира запишаната максимална обврска за уплати (committed capital) на сите инвеститори по сите основи за целото време на постоење на фондот.

(3) Минималната превземена договорена обврска на вложување на секој поединечен инвеститор во приватниот фонд не може да биде помала од 50.000 евра во денарска противвредност кој инвеститорот е должен да ја уплати на повик на друштвото за управување со приватни фондови во согласност со одредбите на проспектот.

(4) Максималниот број на инвеститори во приватниот фонд е 20 инвеститори.

(5) Приватен фонд се основа и со него управува друштво за управување со приватни фондови.

(6) За основање на приватен фонд друштвото за управување со приватни фондови донесува статут и проспект на фондот.

(7) Приватниот фонд може да се задолжува без ограничување.

(8) На приватниот фонд не се применуваат одредбите од член 6 до член 41 и од член 52 до член 59 од овој закон.

Статут на приватниот фонд
Член 41-в

(1) Со статутот на приватниот фонд се уредува работењето на приватниот фонд, правната положба на сопствениците на документите за удел во приватниот фонд, правните односи на приватниот фонд со друштвото за управување со приватни фондови , како и други прашања од интерес за остварување на целите на фондот.

(2)Статутот на приватниот фонд содржи одредби за:

1. Називот на фондот, фирмата на друштвото за управување со фондот со приватни фондови,

2. Целите на фондот,

3. Намената и принципите на вложување на средствата

4. Видот и главните елементи на документите за удел,

5. Постапката и условите за издавање и продавање на документите за удели,

6. Правилата за пресметување и за користење на приходите на фондот,

7. Местото каде што може да се добијат финансиските извештаи,

8. Правила за утврдување на нето вредноста на имотот на фондот,

9. Начинот на пресметување на износот на надоместоците и трошоците на друштвото за управување со приватни фондови или трети лица на товар на имотот на фондот,

10. Правната положба на сопствениците на документите за удел,

11. Начинот на исплата на учеството во добивката на сопствениците на документите за удели,

12. Висината на запишаната максимална обврска и правата и обврските на друштвото за управување со приватни фондови,

13. Начинот и постапката на информирање на сопствениците на документите за удел,

14. Начинот на распоредување на добивката на приватниот фонд,

15. Време за кое се основа приватниот фонд.

Проспект на приватниот фонд
Член 41-г

Проспектот на приватниот фонд содржи податоци кои се содржани во член 41-в од овој закон, деталнии информации и податоци за целите и политиката на фондот, како и други информации што се однесуваат на приватниот фонд, а што можат да влијаат на одлуката на вложувачот за вложување или невложување во фондот.

Управување со приватен фонд
Член 41-д -

Со приватниот фонд во негово име и за негова сметка управува друштво за управување со приватни фондови во согласност со договорот за управување склучен со приватниот фонд, проспектот и статутот на приватниот фонд.

Финансиски извештаи на приватниот фонд
Член 41-ѓ

(1)Друштвото за управување со приватни фондови изготвува ревидирани годишни финансиски извештаи за секој приватен фонд со кој управува.

(2) Друштвото за управување со приватни фондови е должно да ги достави до вложувачите на фондот ревидираните годишни финансиски извештаи за секој фонд со кој управува во рок од три месеци од усвојување на завршната сметка на приватниот фонд.

(3)Финансиските извештаи се изготвуваат во согласност со меѓународните сметководствени стандарди.

## V. ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ФОНДОВИ

*Поим*

**Член 42**

(1) Друштвото за управување со фондови е акционерско друштво, согласно со Законот за трговски друштва, чиј единствен предмет на работење е основање и управување со фондови, во свое име и за сметка на сопствениците на документите за удели на отворените фондови и во име и за сметка на акционерите на затворените фондови.

(2) Едно друштво може да управува со повеќе фондови.

*Статут на друштвото*

**Член 43**

(1) Статутот на друштвото за управување со фондови, освен одредбите од Законот за трговски друштва за статутот содржи и одредби за:

- начин на вложување на сопствен имот,
- основање и управување со фондови, во свое име и за сметка на отворениот фонд или во име и за сметка на затворениот фонд и
- други работи.

(2) Статутот на друштвото Комисијата го одобрува во рок од 60 дена, а неговите измени и дополнувања во рок од 30 дена. Ако Комисијата во тој рок не донесе одлука во врска со барањето за одобрување на статутот, се смета дека тој е одобрен.

*Одобрение за основање на друштвото*

**Член 44**

(1) Друштвото за управување со фондови се основа по добивањето на одобрение од Комисијата. Комисијата на друштвото му издава одобрение за основање ако друштвото ги исполни на следните услови:

1. Основната главнина уплатена во моментот на поднесувањето на барањето да изнесува најмалку 100.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Република Македонија на денот

на уплатата ако друштвото управува со еден фонд. Доколку друштвото за управување со фонодви се основа за управување со повеќе фондови, основната главнина се зголемува за по 50.000 евра во денарска противвредност за секој нареден фонд;

2. Да ги исполнува поблиските услови за кадровска, техничка и организациона оспособеност за работа утврдени од Комисијата;

3. Членовите на управниот орган да имаат согласност од Комисијата за управување и раководење со друштвото. Член во управен орган на друштвото и вработено лице во друштвото не може да биде лице:

    - осудено за кривично дело: предизвикување лажен стечај, повреда на обврската за водење на деловни книги, оштетување на доверителите, давање погодности на доверителите, злоупотреба во постапката на присилно порамнување или стечај, неовластено откривање или прибавување на деловна тајна или измама, за време од пет години по правосилноста на пресудата со која е осудено, во кое време не се смета времето поминато на издржување на казната или

    - против кое е изречена мерка за безбедност: забрана за вршење на дејност што е предмет на работење на друштвото, додека трае забраната.

4. Да има статут на друштвото,

5. Да има именуван овластен ревизор,

6. Да има уплатено надомест за добивање одобрение од страна на Комисијата.

(2) По барањето за одобрение за основање, Комисијата одлучува во рок од 60 дена од денот на приемот на комплетното барање. Комисијата за хартии од вредност дава одобрение за основање на друштвото, ценејќи ги елементите наведени во елаборатот за основање, понудата и побарувачката на финансиски средства, како и потребата за основање на друштвото. Ако Комисијата во тој рок не донесе одлука за одобрение за основање, се смета дека барањето е одобрено.

(3) Друштвото за управување со фондови е должно да почне со работа во рок од шест месеци од денот на добивање на одобрението за основање од Комисијата.

*Работење на друштвото*

**Член 45**

(1) Друштвото е должно работењето со имотот на фондот да го води со внимание на добар стопанственик, независно од депозитната банка и исклучиво во интерес на сопствениците на уделите во фондот односно акционерите, врз основа на статутот на фондот и одредбите на овој закон.

(2) Основачите на друштвото, членовите на управниот орган и надзорниот

одбор на друштвото и вработени во друштвото или лица кои за друштвото вршат постојани или повремени работи врз основа на посебен договор, не смеат да вршат работи за други друштва и се должни да ја чуваат тајноста за работите на друштвото, во согласност со закон и статутот на друштвото.

(3) Податоците за сопствениците на документи за удели и на акции, уплатите и исплатите се деловна тајна и можат да се соопштуваат само врз основа на судски налог.

(4) Одредбите од став 2 и став 3 на овој член не се однесуваат на обврските на друштвото за давање податоци и известувања на Комисијата за вршење на контрола врз работењето на друштвото, на давањето податоци на депозитар на хартии од вредност заради евидентирање на акциите и во други случаи утврдени со закон.

*Водење и прикажување на имотот на друштвото*

**Член 46**

(1) Имотот на друштвото задолжително се држи и се прикажува одвоено од имотот на фондот со кој управува.

(2) Во случај на престанок на друштвото за управување со фондови, со средствата и правата што му припаѓаат на инвестиционот фонд располагаат инвеститорите преку депозитната банка.

(3) Долговите на друштвото за управување со фондови што произлегуваат од финансиските трансакции сврзани со сопствениот имот на друштвото, не може да се намируваат од средствата на инвестиционот фонд.

*Право на располагање со имотот и ограничувања*

**Член 47**

(1) Друштвото располага со имотот на отворениот фонд во свое име и за негова сметка, и со имотот на затворениот фонд во негово име и за негова сметка, во согласност со одредбите на овој закон и статутот на фондот, и ги остварува сите права што произлегуваат од нив, со следните ограничувања:

1. Друштвото не смее за сметка на сопствениците на документите за удел во отворениот или на акционерите во затворениот фонд да одобрува парични заеми, ниту да презема гарантни договорни обврски;

2. Стварите кои припаѓаат на имотот на фондот не смеат да се заложуваат или на некој друг начин да се оптоваруваат, ниту смее да

се пренесува правото на сопственост врз нив со цел за обезбедување на побарувањата на доверителите. Правните работи спротивни на оваа одредба се без правно дејство спрема сопствениците на документите за удели на отворениот фонд, односно спрема акционерите на затворениот фонд и

3. Друштвото не смее за сметка на сопствениците на документите за удели на отворениот фонд, ниту во име и за сметка на акционерите во затворениот фонд, да продава хартии од вредност, ако хартиите од вредност во моментот на склучувањето на зделката не влегуваат во имотот на фондот.

(2) Трансакцијата извршена спротивно на став 1 точка 3 од овој член се смета за ништовна.

(3) Лицата од член 45 став 2 на овој закон не можат да купуваат имот на фондот, кој за сметка на фондот, го продава друштвото за управување со фондови.

*Настапување на друштвото во правниот промет*

**Член 48**

(1) Друштвото во правниот промет настапува во свое име и за сметка на сопствениците на документите за удел во отворениот фонд и во име и за сметка на акционерите во затворениот фонд.

(2) Правото на глас од акциите и од другите права кои произлегуваат од хартиите од вредност во портфолиото на фондот ги остварува исклучиво друштвото.

(3) Побарувањата по основ на трошоци за вршење на работи за сметка на сопствениците на документите за удел во отворениот фонд и за сметка на затворениот фонд, друштвото ги намирува од имотот на фондот во согласност со одредбите на статутот на фондот.

(4) Износот на трошоците од став 3 на овој член задолжително се објавува во проспектот на секој одделен фонд.

(5) Друштвото е должно да ги остварува побарувањата на сопствениците на документи за удели на отворениот фонд и во име на акционерите на затворениот фонд кон депозитната банка.

*Одговорност на друштвото*

**Член 49**

(1) Друштвото е одговорно за вршењето на дејноста на управување со фондот во согласност со одредбите на овој закон и статутот на фондот. Друштвото одговара за штетата причинета на сопствениците на документи за удел во отворениот фонд, односно на акционерите во затворениот фонд, за делување спротивно на одредбите на овој закон и на статутот на фондот.

(2) Друштвото со целокупниот свој имот одговара за правните работи склучени во свое име и за сметка на сопствениците на документи за удел во отворениот фонд и за правните работи склучени во име и за сметка на акционерите во затворениот фонд.

(3) Трети лица не можат од имотот на фондот да намируваат свои побарувања кон друштвото.

*Ограничување на вложувањата на друштвото*

**Член 50**

(1) Друштвото не смее ниту директно ниту индиректно да стекнува документи за удел во отворен фонд со кој управува.

(2) При основањето на затворен фонд друштвото може да уплати акции на затворениот фонд. Висината и начинот на уплатата на акции на друштвото во затворениот фонд се регулира со правила што ги донесува Комисијата. По основањето на фондот друштвото не смее да стекнува нови акции на затворениот фонд.

(3) Друштвото не смее да ги продава акциите од став 2 на овој член додека управува со тој затворен фонд.

*Трошоци на управувањето со фондот*

**Член 51**

(1) На товар на имотот на фондот можат да се засметуваат следните трошоци:

1. Надоместок за управување;
2. Надоместок на депозитната банка и евентуално на други лица;
3. Трошоци во врска со стекнувањето и продажбата на ствари од имотот на фондот;
4. Трошоци за објавувања;
5. Трошоци на печатење на документи за удел и на обрасци за запишување акции;
6. Трошоци на издавање на документи за удел и акции;
7. Трошоци на откуп и исплата на документи за удел и
8. Други трошоци утврдени со статутот на фондот.

(2) Надоместокот за управување од став 1 точка 1 на овој член може да изнесува годишно најмногу до 2% од вкупната вредност на имотот на фондот, а трошоците на издавање од став 1 точка 6 и 7 на овој член најмногу до 5% од вредноста на уделите и

акциите.

## V-а ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРИВАТНИ ФОНДОВИ

Член 51-а

(1) Друштво за управување со приватни фондови се основа како друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво согласно Законот за трговски друштва, чиј единствен предмет на работење е основање и управување со приватни фондови во свое име и за сметка на сопствениците на документи за удели во фондот.

(2) Друштвото за управување со приватни фондови се основа со основна главнина од 50.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата ако друштвото управува со еден приватен фонд. Доколку друштвото за управување со приватни фондови се основа за управување со повеќе приватни фондови, основната главнина се зголемува за по 25.000 евра во денарска противвредност за секој нареден фонд.

(3) Едно друштво за управување со приватни фондови може да управува со повеќе приватни фондови.

(4) Друштвото за управување со приватни фондови е должно до Комисијата да достави резиме од проспектот на фондот.

(5)Друштвото за управување со приватни фондови може да биде сопственик на документи за удел во било кој приватен фонд со кој тоа друштво управува.

(6) На друштвото за управување со приватни фондови не се применуваат одредбите од глава В. Друштво за управување со фондови и глава ВИ. Депозитна банка од овој закон.в

Статут на друштвото за управување со приватни фондови

Член 51-б

(1) Статутот на друштвото за управување со приватни фондови, освен одредбите за статутот од Законот за трговски друштва содржи и одредби за:

- начин на вложување на сопствен имот,
- основање и управување со приватни фондови, во свое име и за сметка на приватниот фонд и
- други работи.

Работење на друштвото за управување со приватни фондови

Член 51-в

(1) Друштвото за управување со приватни фондови е должно работењето со имотот на фондот да го води со внимание на добар стопанственик и исклучиво во

интерес на сопствениците на уделите во фондот, врз основа на статутот на фондот и одредбите на овој закон.

(2) Основачите на друштвото за управување со приватни фондови, членовите на управниот орган и надзорниот одбор на друштвото и вработени во друштвото или лица кои за друштвото вршат постојани или повремени работи врз основа на посебен договор, се должни да ја чуваат тајноста за работите на друштвото, во согласност со закон и статутот на друштвото за управување со приватни фондови.

(3) Податоците за сопствениците на документи за удели, уплатите и исплатите се деловна тајна и можат да се соопштуваат само врз основа на судски налог.

### Водење и прикажување на имотот на друштвото за управување со приватни фондови

### Член 51-г

(1) Имотот на друштвото за управување со приватни фондови задолжително се држи и се прикажува одвоено од имотот на фондот со кој управува.

(2) Долговите на друштвото за управување со приватни фондови што произлегуваат од финансиските трансакции сврзани со сопствениот имот на друштвото, не може да се намируваат од средствата на приватниот фонд.

### Настапување на друштвото за управување со приватни фондови во правниот промет

### Член 51-д

(1) Друштвото за управување со приватни фондови во правниот промет настапува во свое име и за сметка на сопствениците на документите за удел во приватниот фонд.

(2) Побарувањата по основ на трошоци за вршење на работи за сметка на сопствениците на документите за удел во приватниот фонд, друштвото ги намирува од имотот на фондот во согласност со одредбите на статутот на приватниот фонд.

(3) Износот на трошоците од став 2 на овој член задолжително се објавува во проспектот на секој одделен приватен фонд.

Одговорност на друштвото за управување со приватни фондови

Член 51-ѓ

(1) Друштвото за управување со приватни фондови е одговорно за вршењето на дејноста на управување со приватнит фонд во согласност со одредбите на овој закон и статутот на фондот. Друштвото за управување со приватни фондови одговара за штетата причинета на сопствениците на документи за удел во приватниот фонд, за дејствување спротивно на одредбите на овој закон и на статутот на приватниот фонд.

(2) Друштвото за управување со приватни фондови со целокупниот свој имот одговара за правните работи склучени во свое име и за сметка на сопствениците на документи за удел во приватниот фонд.

(3) Трети лица не можат од имотот на приватниот фонд да намируваат свои побарувања кон друштвото за управување со приватни фондови.

Трошоци на управувањето со фондот

Член 51-е

(1) На товар на имотот на приватниот фонд можат да се засметуваат следните трошоци:

1. Надоместок за управување;

2. Трошоци за објавувања на проспект;

3. Трошоци за регистрација на приватниот фонд;

4 Трошоци на откуп и исплата на документи за удел;

5. Трошоци за водење сметководствена евиденција на фондот;

6.Трошоци за изготвување на ревизораски извештаи на фондот и

7. Други трошоци утврдени со статутот и проспектот на приватниот фонд.

## VI. ДЕПОЗИТНА БАНКА

*Поим*

**Член 52**

(1) Депозитна банка е банката што ја избира друштвото за управување со фондови и која врз основа на договорот со друштвото за управување со фондови и по

негов налог, ги врши работите од член 53 на овој закон.

(2) Депозитни банки на инвестиционите фондови можат да бидат банки со седиште на територијата на Република Македонија или филијали на странски банки.

(3) Банка која е основач на друштво за управување со фондови не може да биде депозитна банка на тоа друштво.

(4) Изборот на депозитната банка и секоја промена подлежи на одобрение од Комисијата по претходно прибавена согласност за банката од Народната банка на Република Македонија. Договорот склучен меѓу друштвото за управување со фондови и депозитната банка и неговите измени и дополнувања влегуваат во сила од денот на издавањето на одобрение од Комисијата.

(5) Одобрението од став 4 на овој член Комисијата го издава во рок од 30 дена од приемот на барањето.

(6) Друштвото за управување со фондови и депозитната банка при извршувањето на своите обврски мораат да дејствуваат независно и исклучиво во интерес на сопствениците на документи за удели и на акционерите.

*Работи кои ги врши депозитната банка*

**Член 53**

(1) Депозитната банка, покрај чувањето на имотот на фондот, ги врши следните работи:

1. Обезбедува паричните средства од продажбата на удели во фондот или на акциите на фондот веднаш да бидат уплатени на посебно отворена сметка на фондот кај банката;

2. Издава документи за удел, ги прима откупените документи, врши исплата на сопствениците на документи за удел и го исплатува учеството во добивката на фондот;

3. Ја утврдува вредноста на поединечниот удел во фондот;

4. Исплатува дивиденда на акционерите;

5. Извршува налози на друштвото, во согласност со законот и статутот на фондот ;

6. Се грижи приходите од имотот на фондот да се користат во согласност со закон и статутот на фондот и

7. Спроведува ликвидација и други работи во согласност со договорот од

член 52 став 1 од овој закон.

(2) Депозитната банка во свое име, а за сметка на сопствениците на документи за удели, односно во име и за сметка на сопствениците на акции ги остварува нивните побарувања спрема друштвото за управување со фондови. Тоа не го исклучува правото на сопствениците на документи на удели сами да ги остваруваат своите побарувања.

*Одговорност на депозитната банка*

**Член 54**

(1) Депозитната банка е должна работите за кои е овластена врз основа на договорот со друштвото за управување со фондови да ги врши со внимание на добар стопанственик.

(2) Депозитната банка е одговорна пред друштвото за управување со фондови, пред сопствениците на документи за удели во отворениот фонд и пред акционерите на затворениот фонд, за штетата настаната од невршење или неправилно вршење на работите утврдени во договорот од член 52 став 1 на овој закон.

## VII. КОНТРОЛА

*Комисија за хартии од вредност*

**Член 55**

(1) Комисијата врши контрола над работењето на инвестиционите фондови, друштвата за управување со инвестициони фондови и депозитните банки во делот на работењето на инвестиционите фондови.

(2) Депозитната банка за утврдените неправилности во работењето на друштвото за управување со фондови веднаш ја информира Комисијата. Информирањето се врши и по барање на Комисијата.

(3) Комисијата го пропишува начинот на вршење контрола на работењето на друштвата за управување со фондови, фондовите и депозитните банки.

(4) Комисијата може без ограничување да ги прегледува деловните книги и другите документи на друштвата за управување со фондови, инвестиционите фондови и депозитните банки кои се однесуваат на работењето на инвестиционите фондови.

(5) Трошоците на контролата се на товар на друштвото за управување со фондови.

*Овластување на Комисијата*

**Член 56**

(1) Ако при контролата од член 55 на овој закон Комисијата утврди неправилности во работењето или во водењето на деловните книги, ќе донесе решение

со кое ќе му наложи на друштвото за управување со фондови, односно на депозитната банка, утврдените неправилности да ги отстрани во определен рок, кој не може да биде подолг од 30 дена.

(2) Друштвото за управување со фондови, односно депозитната банка е должно во определениот рок од став 1 на овој член да ги отстрани неправилностите и да ја извести Комисијата, со приложување на докази дека недостатоците или неправилностите се отстранети или исправени. Комисијата може на друштвото за управување со фондови да му го одземе одобрението за основање на друштво за управување со фондови ако во определениот рок друштвото за управување со фондови не ги отстранило недостатоците или неправилностите.

(3) Комисијата го одзема одобрението за основање на друштво за управување со фондови и доколку друштвото за управување со фондови:

1.Не започне да работи во рок од шест месеци од денот на издавањето на одобрение;
2.Прекине со работа;
3.Дозволата ја добило со наведување на невистинити податоци;
4. Престанат да постојат условите утврдени во член 44 став 1 на овој закон и
5.Ако во определениот рок од став 1 на овој член не ги отстрани недостатоците или неправилностите, или ако за тоа не ја извести Комисијата.

*Обврска за известување*

**Член 57**

(1) Друштвото за управување со фондови е должно редовно да ја известува Комисијата за неговата финансиска состојба, за измените и дополнувањата на статутот на друштвото за управување со фондови, за вложувања на сопствениот капитал во други правни лица, за промени на неговите основачи, за тешкотии во тековната ликвидност и други факти со кои се овозможува контрола над работењето на друштвото во согласност со овој закон.

(2) Друштвото за управување со фондовите е должно на Комисијата да и доставува годишни финансиски извештаи на друштвото, проспекти на инвестиционите фондови со кои управува и нивните изменувања и дополнувања, како и годишни финансиски извештаи на фондовите заверени од овластен ревизор.

(3) Начинот и условите за доставување на информациите од ставовите 1 и 2 на овој член ги утврдува Комисијата.

*Примена на Законот за општа управна постапка*

**Член 58**

(1) Ако со овој закон поинаку не е определено, во постапката на издавање одобрение за основање инвестициони фондови, друштва за управување со фондови и изборот на депозитна банка, се применува Законот за општа управна постапка.

(2) Против решението што во управна постапка го донесува Комисијата може да се изјави жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија.

## VIII. ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ

### Член 59

(1) Глоба во износ од 4.000 евра до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото за управување со отворен фонд и друштвото за управување со затворен фонд ако:

1. Нема одобрение од Комисијата (член 3);
2. Проспектот содржи лажни и неточни податоци (член 7 став 5);
3. Не поднесе финансиски извештаи до Комисијата (член 8 став 4);
4. Не ги извести Комисијата и членовите на фондот за секоја значајна промена која влијае врз одлуката на инвеститорите, согласно со член 10;
5. На инвеститорот кој има намера да купи документи за удел или да запише и купи акции не му ги даде документите предвидени со член 11;
6. Ги надмине ограничувањата на вложувањата утврдени во член 14;
7. Изврши краткорочно задолжување спротивно на член 15;
8. Не ги објавува податоците за секој инвестиционен фонд со кој управува во согласност со член 17;
9. Основа фонд спротивно на член 19 ставови 2 и 3 и член 31 ставови 2 и 3 на овој закон;
10. Документот за удел во отворениот фонд не ги содржи податоците утврдени во член 23;
11. Врши исплата на откупот на удели со одбитоци кои не се изрично утврдени со статутот или додека трае прекинот на откуп на документи за удел издава нови документи за удел или не го пријави на Комисијата запирањето на откупот на документи за удел (член 25);
12. Не го објави во Службен весник на Република Македонија откажувањето на управувањето со фондот и за тоа не ги извести сопствениците на документите за удел на фондот (член 27);
13. Не ја одржува основната главнина од член 34;
14. Издава акции на затворениот фонд спротивно на член 35;
15. Врши запишување на акции спротивно на член 36;
16. Работите во врска со управувањето со имотот на фондот не ги пренесе на депозитната банка во рок од 7 дена од денот на приемот на одлуката со која Комисијата му го одзела одобрението за управување со затворениот фонд, односно од денот на ликвидација на друштвото за управување со фондови (член 41 став 4);
17. Започне да работи пред добивањето одобрение од Комисијата

(член 44 став 1);

18. Имотот на друштвото не го држи и не го прикажува одвоено од имотот на фондот (член 46 став 1);
19. Располага или постапува со имотот на фондот спротивно на член 47;
20. Трошоците за управување со фондот ги пресмета за сметка на имотот на фондот спротивно на член 51;
21. Не ја известува Комисијата во согласност со член 57.

(2) "Глоба во износ од 1.000 евра до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во друштвото за управување со отворен фонд и друштвото за управување со затворен фонд ".

Член 59-а

(1)Глоба во износ од 4.000 евра до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото за управување со приватен фонд ако:

1.Основа фонд спротивно на член 41-б ставови 1, 2 и 3 од овој закон,
2. Не ги достави годишните ревидирани финансиски извештаи на приватниот фондот до вложувачите на фондот (член 41-ѓ став 2), и
3.Не достави резиме од проспектот на фондот до Комисијата (член 51-а став 4)

(2) Глоба во износ од 1.000 евра до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во друштвото за управување со приватен фонд."

**Член 60**

1. Глоба во износ од 4.000 евра до 5.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече за прекршок на депозитната банка ако:

    1. Во рок од три месеци не го распушти фондот и не им го подели на сопствениците неговиот имот или во истиот рок го пренесе правото на управување со имотот на фондот на некое друго друштво без одобрение на Комисијата (член 27 став 6 );
    2. Не ја објави одлуката за распуштање на отворениот фонд во согласност со член 28 став 1 и
    3. Не поднесе предлог до судот за отворање постапка за ликвидација во согласност со член 41 став 6.

(2) "Глоба во износ од 1.000 евра до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во депозитната банка.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 61**

(1) Правните лица кои до денот на влегувањето во сила на овој закон, вршат дејност на управување со инвестициони фондови или во фирмата ги имаат зборовите или називите од членот 2 на овој закон, должни се да го усогласат своето работење и актите со одредбите на овој закон и до Комисијата да поднесат барање за издавање на одобрение за работа најдоцна во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

(2) Доколку правните лица од став 1 на овој член не го усогласат своето работење и актите, престануваат по истекот на определениот рок по сила на овој закон.

(3) Правила и упатства за спроведување на овој закон донесува Комисијата.

**Член 62**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".